## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**3146.**

Врз основа на член 38 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ПРАВИЛАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ПРЕВОЗНИЦИ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ОПЕРАТИВНА ЗАБРАНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат правилата за утврдување на листата на превозници кои се предмет на оперативна забрана.

Член 2

(1) Правилата за утврдување на листата на превозници кои се предмет на оперативна забрана во Заедницата (во натамошниот текст: Листа на Заедницата) се пропишани со Регулативата 2111/2005 на ЕУ, Регулативата 473/2006 на ЕУ и Регулативата 474/2006 на ЕУ кои се преземени согласно Анексот 1 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област („Службен весник на Република Македонија” број 27/07 и 98/09) и кои се прифаќаат и директно се применуваат.

(2) Воздухопловите кои се наоѓаат на Листата на Заедницата од став (1) на овој член, не може да вршат операции на територијата на Република Македонија.

Член 3

(1) Агенцијата за цивилно воздухопловство е надлежен орган на територијата на Република Македонија, за применување на оперативните забрани содржани во Листата на Заедницата во врска со превозниците во воздушниот сообраќај кои се предмет на тие забрани.

(2) Агенцијата за цивилно воздухопловство ја известува Европската Комисија за идентитетот на превозниците во воздушниот сообраќај кои се предмет на оперативна забрана на територијата на Република Македонија заедно со причините за таквата забрана и други значајни информации.

(3) Агенцијата за цивилно воздухопловство ја известува Европската Комисија за сите информации кои може да бидат од значење за ажурирање на Листата на Заедницата, согласно правилата содржани во Регулативата 473/2006 на ЕУ.

(4) Во случај на итност, примената на одредбите на Регулативата 2111/2005 на ЕУ, не ја спречува Агенцијата за цивилно воздухопловство да постапува на случај на непредвиден безбедносен проблем преку изрекување на моментална оперативна забрана во однос на територијата на Република Македонија земајќи ги во предвид заедничките критериуми кои се пропишани во Анексот на Регулативата 2111/2005 на ЕУ. Агенцијата за цивилно воздухопловство изготвува работна процедура со цел обезбедување на имплементацијата на Анексот на Регулативата 2111/2005 на ЕУ.

(5) Одлуката на Европската Комисија, да не стави на Листа на Заедницата определен превозник во воздушниот сообраќај согласно процедурата пропишана во ЕУ Регулативата 2111/2005, не ја спречува Агенцијата за цивилно воздухопловство да изрече оперативна забрана на превозник во воздушниот сообраќај во врска со безбедносните проблеми кои се специфични за Република Македонија.

(6) За случаите од став (4) и (5) на овој член, Агенцијата за цивилно воздухопловство веднаш ја известува Европската Комисија.

(7) За случаите од став (4) на овој член, Агенцијата за цивилно воздухопловство доставува до Европската комисија барање за ажурирање на Листата на Заедницата.

(8) Агенцијата за цивилно воздухопловство на својата интернет страна редовно ја објавува ажурираната Листа на Заедницата.

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 декември 2010 година.

Бр. 03-1737/3
16 ноември 2010 година
Скопје

в.д.Директор,
**Зоран Крстевски**, с.р.